РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Воена Академија Скопје придружна членка

Бр. 07-54/28

27-05-2024 20 ___ год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за упатување на питомци од Воената академија во Скопје на Интернационален Летен камп на Воената поморска академија „Никола Вапцаров" во Варна, Република Бугарија*

**Огласот е објавен на ден: 27.05.2024 година**
**Огласот трае: 5 (пет) работни дена започнувајќи од 28.05.2024 година до 03.06.2024 година**

Во рамките на Програмата за билатерална соработка со Република Бугарија и добиената покана од Воената поморска академија „Никола Вапцаров" во Варна, Република Бугарија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, на ден 27.05.2024 година го објавува ОГЛАСОТ за упатување на 3 (три) студенти-питомци

Основната цел на наведената соработка е да промовира добра волја и да ги зацврстува партнерствата помеѓу Воените академии.

На огласот можат да се пријават студенти-питомци на Воената академија од прва и втора година на прв циклус студии кои студираат во академската 2023/2024 година, кои ги имаат положено сите испити заклучно со непарните семестри во учебната 2023/2024 година и кои ги исполнуваат критериумите наведени во огласот.

- Временски период за реализација на **Интернационален Летен камп за стекнување на основни морнарички вештини** за студенти-питомци: **од 07.07.2023 до 14.07.2024 година (првиот и последниот ден се датуми за патување).**

Сите трошоци поврзани со наведената активност ќе бидат покриени од страна на Министерството за одбрана на РСМ и Воената поморска академија „Никола Вапцаров" во Варна, Република Бугарија, во согласност со билатералната соработка меѓу двете земји.

**Пријавата за учество на студентите-питомци треба да содржи:**

1. Пријава по оглас пополнета од кандидатот
2. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
3. Препис од оценките за положени испити
4. Копија од важечка патна исправа (пасош)

Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми:

- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Пријавата да се достават преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Продекан за ФИМС на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

ДЕКАН
ПОЛКОВНИК
д-р Митко Богданоски, редовен професор

Скенирано со CamScanner